РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 09-1011/1
26.09.2025 год.
ДЕМИР ХИСАР

# ИЗВЕШТАЈ ПО ОДНОС НА ОДРЖАНАТА СРЕДБА СО ЕКСПЕРТКА ПО РОДОВИ ПРАШАЊА, КРИСТИНА ХАЏИ – ВАСИЛЕВА

19.9.2025 (петок)

Во работниот кабинет на градоначалникот, на ден 19.9.2025 (петок), оствари работна средба со експертката/менторка по родови прашања, Кристина Хаџи – Василева, Извршна директорка во Консалтинг за стратешки развој која е номинирана да соработува со нас во улога на фацилитатор во областа на еднаквите можности од страна на канцеларијата на UN Women – Скопје.

Согласно успешно потпишаниот Меморандум за разбирање меѓу телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените – UN Women и Општина Демир Хисар, ќе се започне со ефикасно спроведување на активностите кои се предвидени и инкорпорирани во Годишната програма за наредните години.

На оваа продуктивна и суштинско – корисна средба, подетално беше образложено што до сега е изработено (документациско - административни) од страна на координаторот за еднакви можности во Општина Демир Хисар, Даниел Станојоски. Тој истакна пред менторката дека, со силен ангажман и фокус, како и максимална посветеност од сите засегнати страни, со поддршка на градоначалникот, Советот и канцеларијата на UN Women, заеднички се придонесува за прогрес и успешно спроведување на активностите. Ова општествено прашање подразбира сестран пристап и затоа по самата природа и содржина бара повеќе енергија и респонзивност, со цел позитивен исход.

Активностите кои се втемелени во МЗР се спроведуваат во рамките на проектот на UN Women: „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: Кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во РС Македонија" (фаза 2) – што се спроведува со финансиска поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и програмата „Промовирање на родово – одговорно управување во РС Македонија" што се спроведува со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА).

Согласно Анекс 1 од МЗР, активностите се јасно дефинирани, презивно утврдени и опфаќаат значително поголем обем на обработка, вклучувајќи и анализа на одбрани локални програми врз основа на податоци доставени од ЕЛС, релевантни студии, интервјуа и фокус групи во блиска соработка на Договорните страни. Сите анализи предвидени се да бидат спроведени под менторство и мониторинг на експерти ангажирани од страна на UN Women.

Една од приоритетните обврски и задачи – делегерани согласно МЗР, како ЕЛС, сме одговорни и задолжени да формираме, односно воспоставиме интер-одделенска работна група која, всушност, ќе функционира како интерно координативно тело,

составена од координаторот за еднакви можности меѓу жените и мажите, членови на комисијата за еднакви можности во рамки на Советот и раководители на Одделенија.

Од страна на менторката Кристина, беше посочено да се стави поголем акцент и пошироко рационално разбирање на оваа општествена тематика во поглед на стратешко планирање, сè со цел да се вклучи родовата перспектива во сите општински програми. Односно, со нивна помош како стручни лица, да се извршат последователни интервенции, онаму, каде што е најпотребно во програмите - родово сензитивни – структурирани документи.

Меѓу другото, стратешкото планирање има за цел поедноставно и попрецизно да се согледа развојната перспектива преку увид во најпрепознатливите јаки страни и клучните слаби страни, кои ќе бидат и основа за креирање на родовите политики со фокус на ресурси во наредниот период.

Градоначалникот Најдовски, потенцираше дека во наредниот период локалната самоуправа ќе обезбедува соодветни услови и согласно директните интегеренции и во рамки на можностите, ќе продолжи да вложува на полето: родовата еднаквост, а ќе ги има во предвид сите клучни елементи кои се неопходни за имплементирање на проектите кои се од витално значење за локалниот – економски развој.

На состанокот присуствуваше и службеничката Билјана Пејковска – координатор и асистент на активностите на градоначалникот. Имено, таа беше дел заедно со колегите Митко Станковски и Александра Трајковска на обуките - Агенда за обука за род и родова интеграција  - серијал на три модули РОБ – родово – одговорно буџетирање, мај, 2025 година, која, нагласи дека, во иднина примарно е да се спроведе дел од активностие согласно Програмата.

Дискусијата продолжи во контекст и насока во дефинирање на следните активности кои се дел од Програма за еднакви можности, но, со оглед на актуелната ситуација во пресрет на Локалните избори, односно изборната кампања, договоривме за месец ноември доколку има поволни услови, политичка и граѓанска волја, да спроведиме и реализираме планирана активност.

По претходна воспоставена телефонска комуникација со менторката Кристина, координаторот Даниел Станојоски, зеде обврска да обезбеди податоци, односно и тука на средбата накратко презентира и сподели дека, во рамки на точка 3. – Поддршка на еднородителски семејства, има позитивен индикатор тоа што библиотеката при Домот на културата, со поддршка на локалната самоуправа обезбедува континурано бесплатна членарина за деца со еден родител (според добиени статистички податоци – поделени по пол – 5 самохрани родителки, жени).

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, единиците на локалната самоуправа имаат законска обврска да го адресираат прашањето за родова еднаквост како област под нивна надлежност, односно, како локална самоуправа активно и перманентно – координаторот за еднакви можности  акумулира статистички податоци (полови разделени), преку утврдена методологија, Образец кој редовно се ажурира

преку платформата на е-платформа за родово одговорно буџетирање на ЗЕЛС www.rob.zels.org.mk.

Координаторот Станојоски, ја запозна менторка со истото и, уредно направи кус – преглед преку избрботена табела во алатката Exel, каде што се собрани податоци добиени од локални и државни институции (за период од една календарска година), кои претставуваат круцијална алатка/основа и се важни во креирањето на општинските програми и Буџет.

## СУМА – СУМАРУМ:

Воглавно, дебатата течеше конструктивно и во полезна и продуктивна конотација. Всушност, тоа поздразбира дека Општина Демир Хисар е проактивна и со поборнички дух прави напори со цел да се придвижи состојбата со оваа малце занемарана област во нашето општествено – социјално опкружување.

Се констатира дека, вклучувањето на родовата еднаквост во локалното планирање е од клучно значење за промовирање на правичност, инклузивно донесување на одлуки, ефективни политики, одржлив развој, економски придобивки и исполнување на потпишаните формално - правни обврски и задолженија.

Менторката, со јасно изразена желба за понатамошниот тек на соработка, со поголема кооперативност и координација на институционално ниво, ја апострофираше важноста на ангажманот на Програмската канцеларија на UN Women во РСМ, која работи на забрзување на напредокот и за жените и за мажите на локално ниво.

**Изработил:**

**Даниел Станојоски, помлад референт – координатор за еднакви можности во Општина Демир Хисар**

**26.9.2025 година.**